# Известување за концентрација со која БИМАЛ Инвест д.о.о од Република Србија ќе стекне сопственичките права-удели во НОВО СУНЦЕ ДОО од Република Србија
# (предмет бр. 08-14 од 30.01.2019 година)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен Весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 30.01.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација со која БИМАЛ Инвест д.о.о. (BIMAL Invest d.o.o.) со регистрирано седиште на ул. Милентије Поповиќ 5В, Београд – Нови Београд, Република Србија ќе стекне 77% од сопственичките права-удели во НОВО СУНЦЕ ДОО, Сомбор (NOVO SUNCE DOO, Sombor) со регистрирано седиште на Степарски пут 6б Сомбор, Република Србија преку купопродажба на удели врз основа на договор за купопродажба на удели.

1.Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-**БИМАЛ Инвест д.о.о. (BIMAL Invest d.o.o.), трговско друштво кое е основано и работи согласно законите на Република Србија, со регистрирано седиште ул. Милентије Поповиќ 5В, Београд – Нови Београд, Р.Србија застапувано од Митја Ковачич и Драган Ѓукиќ, Управувачки Директори.

-СУНЦЕ ДОО Сомбор (SUNCE DOO SOMBOR), трговско друштво кое е основано и работи согласно законите на Република Србија, со регистрирано седиште на Степарски пут 6б, Сомбор, застапувано од Ковиљка Бошњак Бјелобаба, Управувачки директор

-НОВО СУНЦЕ ДОО, Сомбор (NOVO SUNCE DOO, Sombor) со седиште на Степарски пут 6б Сомбор, застапувано од Ковиљка Бошњак Бјелобаба, со адреса на ул. Билелјинска 9, 76100 Брчко дистрикт, Босна и Херцеговина (koviljka.bjelobaba@sunce.co.rs, тел: +381255415828), Управувачки директор.

Оваа концентрација се однесува на следниот релевантен пазар:

-Пазар на производство на сирово сончогледово масло,
-Пазар на производство на рафинирано сончогледово масло за јадење,
-Пазар на производство на сирово сојино масло.

2. Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

3. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

19.02.2019 година
Скопје